# Платон во *Закони*: еден нов став кон проблемите на пишувањето и философската комуникација?*

Невена Панова
Катедра по класична филологија – Софија
nevena_a_p@abv.bg

*Клучни зборови: Платон, Закони, Фајдар, пишуван-непишуван говор, философска комуникација, прелудиум кон законите, законодавец-дијалектичар*

*Закони* е најдоцнежниот дијалог на Платон. Според Диоген Лаертиј (III, 37) текстот бил довршен и издаден од Платоновиот ученик Филип од Опунт. Дијалогот претставува директен разговор меѓу тројца возрасни мажи – критјанинот Клиниј, спартанецот Мегил и анонимниот атињанин, кој се разонодува на Крит и ѝ е посветен на темата за доброто законодавство: најнапред се бараат општи поставки за потеклото и основите на законите, но од крајот на третата книга разговорот се конкретизира, кога се обврзува со донесувањето што му претстои, со учеството на Клиниј на нова критска колонија, за која ќе бидат неопходни и нови закони. Целото тоа: незавршеноста на текстот, отсуството на Сократ, атмосферата надвор од Атина, а и повеќе други формални или суштествени особености на *Закони* ги давале и ги даваат основите делото да се разгледува одделно од останатите дијалози во Платоновиот корпус. Во овој текст ќе се обидеме да истражиме дали *Закони* навистина покажуваат сериозни разлики или поскоро –едноставно позиција, преоформена заради потребите на конкретна тематика, запирајќи се на прашањето за пренесување философски знаења и нивно писмено фиксирање.

Со прашањето за пишувањето, пишаниот текст и неговата рецепција Платон имплицитно се занимава во сите свои дела, така што дури и ползувањето на жанрот на философскиот дијалог – пишан текст, а кој всушност создава впечаток за голема блискост до живото усно комуницирање е гест, со кој неговиот автор докажува, дека сериозно се возбудува од прашањето за предностите и недостатоците на пишаниот збор во една претходна епоха, кога културата е на границата меѓу нејзиното усно и писмено суштествување. А знаеме и експлицитни сведоштва за Платоновиот став кон посочената проблематика. Најјасното меѓу нив е делот од *Фајдрос* познат како „критика на писменоста“ (274b – 277a). Затоа тука ќе се обидеме да го споредиме она што е речено во *Фајдрос* со некои места од *Закони*, за да провериме дали се открива сериозно менување на Платоновата концепција за прашањето на пишувањето или разликите се поскоро резултат од жанровските и рецепциони специфичности на анализираното законодавно слово во *Закони*.

Основен аргумент во однос на пишувањето во *Фајдрос* е фактот, што писмениот логос, бидејќи секогаш останува еден и ист, има постојана потреба од помошта на својот автор-татко, кој го доразјаснува во устен разговор, за да биде правилно разбран од неговата публика, која, покрај тоа, може да вклучува како соодветни, така и несоодветни слушатели/ читатели.

Наспроти тоа, во *Закони* токму писмениот карактер на законот допушта да му се помага, додека правилно да биде примен, дури и по многукратно разгледување и премислување. Клиниј вели во десеттата книга: „А всушност на едно проникливо законодавство најважната помош му доаѓа оттаму, што наредбите поврзани со законот се писмено утврдени, така што човек секогаш може да ги подвргне на проверка, бидејќи му се постојано на располагање. Па така не треба да се плашиме, ако во почетокто тие ни звучат нејасно, зашто човек, дури и тешко да прима, може често да им се навраќа, за одново да ги прегледа." (890e-891a). Во овој дел неменливоста на текстот е навистина правилно оценета и како средство постепено да се разберат неговите потешки места. Самото запишување на суштинските закони е нешто вистинско и не се разгледува, со тоа се поткрепува и важното разграничување меѓу пишан закон и непишани озаконувања (*nomima*) во 793a sqq. А сепак пред создавањето и ползувањето на пишаните закони Платон поставува ограничувања и услови, кои го доближуваат неговиот став од *Закони* до кажаното во *Фајдрос*. Според цитатот законите би можеле сами да се одржат, токму затоа што се запишани. Ако биде буквално разбрано, тоа сериозно се отклонува и од многубројни тврдења во самиот текст на *Закони*, зашто во дијалогот среќаваме директни укажувања кој (очигледно со посредство на форми на усна комуникација) ќе одговара за примањето, забележувањето и поправањето на законите, ако се открие во нив некаков недостаток или некоја грешка. Првостепена должност за новата држава се „стражарите на законот" (*nomophylakes*), а особено интересен е еден дел од шестата книга (770a), од кој што разбираме, дека отспрвин законодавците ќе бидат и стражари на законите, а ќе бидат обврзани да си наоѓаат и наследници, кои можат и во иднина да ги поправаат законите (онака како што некој се грижи за сликата). Неопходноста од „стражарите" не се налага само заради сè уште неважечката форма на пишаниот текст и реалните тешкотии за неговото зачувување, ниту е само метафора, туку најмногу е поврзана токму со идејата од *Фајдрос* за неопходниот татко на секој збор, којшто ќе го гарантира неговото успешно (и безбедно) распространување.

Соодветност меѓу *Фајдрос* и *Закони* откриваме и во следниот дел од седмата книга (788 a–c), кој што на прв поглед зачудува со ограничувањето што го поставува пред оформувањето на определени норми како закон, но всушност имено така се поместува меѓу условеностите пред секој пишан текст: одделните ситни ситуации во кои основно значење имаат карактерите и чувствата на граѓаните, речиси е подобро да не се запишуваат, бидејќи дури и писмено фиксирани, пред нив често ќе има непотчинување, а тоа не е добро за самите закони. Всушност, тука пак писмената форма на законот е претставена како предност, но дури и таа не може да ги надмине другите непријатности, поврзани со функционирањето на законот во една динамична и субјективна средина, каде што тврдата (писмена) фиксација во определени случаи се претвора во недостаток, бидејќи претставува пречка за можноста на позиционално условено и индивидуално дејствување, дури и на законодавецот-философ. Донекаде на сличен начин звучи и друг дел (822 d – 823 a), кој одново зборува за оние ситни совети кои не се неискажливи, но би било глупаво ако се разберат како суштински

закони, бидејќи се наоѓаат меѓу заветот и законот. И сепак совршен граѓанин ќе биде оној, кој што се сообразува и со обата, а задачата на законодавецот е да му ги предложи, откако ќе ги вткае тие совети во законите.

Покрај на разграничувањето меѓу заветот и законот, да се запреме на главната поделба на законите на прости и двојни зависно од тоа, дали имаат или немаат увод, *prooimion*, претставено во четвртата книга (722a sqq.), кое што би можеле да го определиме како најзначаен жанровски придонес на Платон во *Закони*: кога ќе го исползува уводот, законодавецот дава опоменување и уверување, а не само сила и принуда, а тоа се случува поточно тогаш, кога граѓанинот е способен да го прифати и тој убедувачки елемент, каков што треба да содржи секој закон (како и законодавството во целост). Оваа определба на видовите закони и нивното дејство – а принципиелно и законите од *Закони*, која што самиот Платон за првпат ја претставува како суштествена е воведена со помошта на споредбата на законодавците со два вида лекари, кои на два начина контактираат со различните болни: слободните и робовите, при што само првите добиваат објаснувања за болеста и за препишаното лекување (720 c – e). Оваа особено важна споредба, како и разграничувањето меѓу видовите закони, но и Платоновата колебливост каде всушност завршува уводот и каде одново започнува законот категорично покажуваат дека Платон се трудел да им биде наклонет на пишаните текстови (навистина повеќе во *Закони*, одошто во пораните дијалози), но дека не располагал со доволно жанровски обрасци за обликувањето во писмена форма на философските тврдења, а и непоколебливо не сакал да се откаже од неговата основна теза, дека секој пишан текст може и треба да биде разбран на различна степен од секој свој реципиент, затоа и не е збунувачки одделните делови од даден текст да се определени само за одделни читатели, како во случајот со уводите на законите: тие не можат да бидат разбрани од секого, но оној што ќе ги разбере и сфати е многу поверојатно да стане совршен граѓанин, како што беше веќе посочено.

Оттука да посочиме како заклучок, дека основната соодветност меѓу *Фајдрос* и *Закони* се однесува крајната цел на дијалектичарот од Фајдрос и законодавецот од *Закони*: преку потчинувањето на законите граѓаните можат да станат доблесни и достојни. Ако се реализира според Платоновите норми за философска комуникација, законодавната дејност, макар и да се расправа со пишани текстови, се доближува до умеењето на дијалектичарот од *Фајдрос*, којшто пишува еден друг збор (родениот брат на пишаниот збор, неговата сенка), директно во душата на оној што учи под надзор на науката (276a). Секој збор: и живиот, но дури и пишаниот, ако неговата писмена форма е жанровски условена, како во случајот со законот, треба да допре до душата на конкретниот реципиент и да повлијае на неа.

## Белешки:

* Тука предложените набљудувања до голема степен се резултат на работата од авторката на изданието: Платон, *Закони*, превод от старогръцки, коментар и бележки Невена Панова (кн. I-IV, VI, VII), Георги Гочев (кн. V, VIII-XII), София: Сонм, 2006, 748 с.